# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

## ФРУКТАЛ МАК А.Д.
## ПРОИЗВОДСТВО НА СОКОВИ, НЕКТАРИ, НАПИТОЦИ И ОВОШНИ СИРУПИ

Примарната цел на Фруктал Мак а.д. Скопје е постојано да го зголемува задоволството на потрошувачите, а со тоа и пазарот за своите производи. Затоа и сите наши активности се насочени кон потрошувачите.

Нашите производи се усогласени со барањата на важечките закони, прописи и техничките стандарди.

Залагањето за производство на квалитетни и безбедни производи е основна и постојана политика на Фруктал Мак а.д. и најважно основно усмерување на функционирањето на компанијата.

**Фруктал Мак а.д. врз база на својата политика ги воспоставува долгорочните цели за квалитет:**

- Постојано унапредување на Системот за квалитет
- Квалитетот и безбедноста на производите мора да биде на највисоко ниво
- Зголемување на учество на пазарот
- Зголемување на профитабилноста
- Финансиска стабилност
- Развој на менаџментот
- Задоволство на сопственикот, вработените, државата, општеството

**Фруктал Мак а.д. сите свои менаџмент активности за реализација на политиката за квалитет ги базира на следниве принципи:**

- постојано ги следиме потребите на нашите постоечки и идни корисници за да ги разбереме нивните потреби и желби и истите да ги задоволиме
- сите одлуки кои ги донесуваме се базираат на анализи на адекватни податоци и проверени факти
- сите вработени активно учествуваат во сите работи и активности, свесни за тоа дека нашата организација е силна онолку колку е силна најслабата карика во неа
- сите активности во нашата организација ги организираме како мрежа на процеси со јасно дефинирани влезови и излези во кои сите имаат соодветни задолжувања-задачи кои мораат да се реализаат, односно со кои мораат во потполност и во секој момент да управуваат
- сите проблеми ги решаваме си отворена комуникација, ажурно и системски
- со внатрешно организирање и обезбедување на адекватни работни услови се залагаме за создавање на поволни околности за работа и реализација на нашите заеднички цели
- ги сметаме нашите добавувачи како дел од нашата организација, свесни за тоа дека само врз принципите на двострано корисни односи, можеме на оптимален начин да ги реализираме нашите процеси
- сите наши напори ги насочуваме на постојано, континиурано подобрување на сите наши процеси, активности и карактеристики на квалитет на секој производ

Ние, во системот на работа, организиран во склад со барањата на стандардот ISO 9001:2015, ќе ги почитуваме и применуваме политиката - принципите во својата секојдневна работа, свесни за тоа дека, нашиот деловен успех зависи од нас самите.

Октомври, 2017, Скопје

Генерален Директор

Зоран Ѓуриќ